**ДП 6/15**

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ (подолу како ДК при КИРМ) во состав од Снежана Фитеска извршител, како Претседател на Дисциплинска комисија и Љупчо Јованов извршител, како заменик член-известител на Дисциплинска Комисија, Претседател на Основен суд Скопје 1 Скопје судија Владимир Панчевски, судија Сандра Крстиќ Основен суд Скопје 1 Скопје и Зулќуфли Ајвази од Министерство за правда, како членови на Дисциплинска Комисија и секретар на Дисциплинска комисија Билјана Николовска како записничар, постапувајќи по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП бр. 09-27/ од 10.02.2015 година на Министерот за правда, во присуство на обвинетиот извршител Н. И. лично, по одржан претрес, на ден 01.04.2015 година го донесе следното

РЕШЕНИЕ

СЕ ОГЛАСУВА ЗА ВИНОВЕН извршителот Н. И. именуван за подрачјето на Основниот суд во Б. и Основниот суд во Р. со адреса на ул.Ж. б.б комплекс П., Б.

ЗАТОА ШТО:

1. Извршителот Н.И. од Б., именуван за извршителот на подрачјето на Основниот суд во Б. и Основниот суд во Р., вршејќи ја должноста извршител неоправдано го одложувал извршувањето по предметот И.бр.1395/08 од 04.11.2008 година, од причина што, на ден 04.11.2008 година од страна на доверителот М. Г. од Р., примил барање за извршување врз основа на извршната судска одлука Пресуда П.бр.________ од 24.06.1999 година на Основен суд Р. и истото го завел под И.бр.1395/08 од 04.11.2008 година, по што изврштелот подолг временски период односно од 05.11.2008 година кога го издал налогот за извршување врз основа на чл.86 ст. 1 од ЗИ , па се до 15.05.2010 година кога донел Заклучок за известување на странка за попис врз основа на чл.86 ставови 4,5 и 6 од ЗИ не превземал никакво извршно дејствие за да го наплати побарувањето од страна на должникотво име на доверителот, а исто така и од 15.05.2010 година до денот кога бил извршен надзорот немал превземно ниедно извршно дејствије , со што постапил спротивно на чл.27 ст. 2 од Законот за извршување

со кои дејствија извршителот Н. И. од Б. сторил дисциплинска повреда по чл.54- г став 1 алинеја 10 „неоправдано го одложува извршувањето “

па согласно чл. 54-б став 2 од Законот за извршување **му се изрекува** парична казна во висина од __________ евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на РМ на ден на изрекувањето

СЕ ЗАДОЛЖУВА извршителот Н. И. од Б. утврдената парична казна од ова решение да ја плати во рок од 15 дена од приемот на решението

Образложение

Предлогот за поведување на дициплинската постапка УПП.бр.09-27 од 10.02.2015 година против извршителот Н. И. од Б. е поднесен од страна на Министерот за правда против извршителот врз основа на Извештај од вонреден надзор над работењето на истиот УПП.бр.09-27 од 10.02.2015 година спроведен од страна на овластени лица од Министерството за правда на ден 05.05.2015 година .

Предлог е со наводи кои го товарат извршителот Н. И. од Б. дека вршејќи ја должноста извршител неоправдано го одложувал извршувањето по предметот И.бр.1395/08 од 04.11.2008 година, од причина што, на ден 04.11.2008 година од страна на доверителот М. Г. од Р., примил барање за извршување врз основа на извршната судска одлука Пресуда П.бр.____ од 24.06.1999 година на Основен суд Р.и истото го завел под И.бр.1395/08 од 04.11.2008 година, по што извршителот подолг временски период односно од 05.11.2008 година кога го издал налогот за извршување врз основа на чл.86 ст. 1 од ЗИ , па се до 15.05.2010 година кога донел Заклучок за известување на странка за попис врз основа на чл.86 ставови 4,5 и 6 од ЗИ не превземал никакво извршно дејствие за да го наплати побарувањето од страна на должникот во име на доверителот, а исто така и од 15.05.2010 година до денот кога бил извршен надзорот немал превземно ниедно извршно дејствије. Подносителот смета дека ваквото постапување на извршителот е спротивно на пропишаното со чл.27 ст. 2 од Законот за извршување.

Министерот за правда сметајќи дека извршителот сторил дисциплинска повреда по член 54-г алинеја 10 од Законот за извршување “неоправдано го одложува извршувањето “ предлага Дисциплинската комисија при КИРМ да поведе дисциплинска постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на извршител Н. И. од Б. и да му се изрече соодветна мерка по ЗИ.

Извршителот во своја одбрана во писмен одговор и на главен претрес одржан на ден 01.04.2015 година по повод наводите во Предлогот за поведување на дисциплинска постапка наведе дека неосновано е тврдењето дека постапил спротивно на чл.27 ст. 2 од ЗИ од причина што, согласно овој член извршителот е должен да постапува по барањето за извршување и дека од негова страна биле превземени извршни дејствија а како причина поради кои не продложил со превземање на извршни дејствија е фактот што доверителот не сакал да авансира трошоци за извршување како и неможност да се идентификува должникот. Извршителот истакна дека во самата Пресуда П.бр.--------- од 24.06.1999 година на Основниот суд Р. за тужениот имало само име и место на живеење односно С. Д. од с. К., од што не би можело точно да се утврди идентитетот на должникот. Понатаму, извршителот наведе дека од негова страна при спроведување на извршувањето биле превземни повеќе извршни дејствија односно на ден 05.11.2008 година издал Налог за извршување по чл.86 ст. 1 од ЗИ кој го доставил до должникот, на ден 24.04.2010 година издал Барање за дозвола за влез согласно чл.75 од ЗИ и кое барање го доставил до Претседателот на Основен суд Р. за издавање на дозвола за влез, понатаму истиот изготвил Заклучок за известување странка за попис врз основа на чл.86 ставови 4,5 и 6 од ЗИ од 15.05.2010 година кој го доставил до должникот. Во своја одбрана извршителот истакна дека излегол на лице место во с. К. со цел да изврши попис на подвижни предмети меѓутоа од страна на месното население бил предупреден дека во селото со исто име постоеле две лица со исто име и презиме, едниот дедо а другиот внук кој бил полнолетен , па од тие причини не спровел извршување. Понатаму, извршителот наведе дека доверителот за цело тоа време не авансирал трошоци за извршување, односно сите превземни извршни дејствија паѓале на товар на извршителот. Откако доверителот инсистирал повторно да се излезе на лице место и да се пристапи кон попис на подвижни предмети, извршителот непосредно во неговата канцеларија му предлал про-фактура која истиот одбил да ја плати и потпише за што извршителот изготвил Службена белешка. Извршителот во своја одбрана укажа дека не може да положи верба во неофицијално

доставените информации кои не се издадени од надлежен орган, и при тоа истиот стравувал дека доколку превземе дејствие против лице кое не е должник во предметот можел да стори друга повреда.

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес на ден 27.05.2014 година, ги дозволи и изведе следните докази:

- Извештај УПП бр.09-27 од 10.02.2015 година на Мин за правда;
- Барање за извршување од доверител М. Г. преку пол. Адвокат С. Ш. од ден 04.11.2008 година ;
- Пресуда П.бр.______ од 24.06.1999 година на Основен суд Р.;
- Налог за извршување И.бр.1395/08 по чл.86 ст. 1 од ЗИ од ден 05.11.2008 година;
- Повратница на Налог за извршување по чл.86 до должник С. Д.од ЗИ од ден 05.11.2008 година;
- Барање од изв. Н. И. до Основен суд Р. од ден 24.04.2010 година;
- Повратница од барање за влез И.бр.1395/08 до Основен суд Р. од ден 27.04.2010 година;
- Дозвола ИСТ.бр.22/10 од 27.04.2010 година од Основен суд Р.;
- Службена Белешка од 12.05.2010 година од изв. Н. И.;
- Заклучок врз основа на чл.86 ст. 4,5 и 6 од ЗИ од ден 15.05.2010 година;
- Службена Белешка од 05.05.2011 година од изв. Н. И.;
- Профактура бр. 32/11 од 05.05.2011 година на изв. Н. И. до М. Г.;
- Решение Пр.бр.263/14 од 31.12.2014 година на Комора на извршители на РМ.

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес, ги разгледа наводите изнесени во предлогот, одбраната на извршителот, па ценејќи ги сите докази одделно и заедно, ја утврди следната фактичка положба:

На ден 04.11.2008 година извршителот примил барање за извршување од страна на доверителот Г. М., преку полномошник С. Ш. од Р., а врз основа на извршна исправа Пресуда на Основен суд во Ресен од 24.06.1999 година, а против должникот С. Д. од село К.

На ден 05.11.2008 година извршителот Н. И. издал Налог за извршување по чл.86 ст. 1 од ЗИ и истото го доставил до должникот на ден 12.11.2008 година односно писменото било вратено со назнака "непознат".

На ден 27.04.2010 година по барање на извршителот врз основа на чл.75 ст.1 од ЗИ Претседателот на Основниот суд Ресен издал дозвола за влез во станот на должникот.

На ден 12.05.2010 година извршителот во Службена белешка констатирал дека лично бил во село К. со цел да изврши попис на подвижни предмети сопственост на должникот, а кога стигнала во селото од страна на месното население и било предочено дека со истото име и презиме постоеле две лица, па од тие причини не го спровел извршното дејствије.

На ден 15.05.2010 година извршителот донел Заклучок за известување на странка за попис врз основа на чл. 86 ставови 4,5 и 6 од ЗИ и го доставил до должникот кој уредно го примил писменото.

На ден 05.05.2011 година извршителот изготвил профактура бр.32/11 на име трошоци на извршување во износ од 10.000 денари до доверителот Г. М. од Р., видно од Службена белешка од ден 05.05.2011 година на ден 05.05.2011 година доверителот по извршниот предмет И.бр.1395/08 во седиштето на извршителот лично ја подигнал профактурата бр.32/11 од 05.05.2011 година.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ одлучувајќи по повод основаноста за предлогот за дисциплинска постапка, утврди дека извршителот сторил дисциплинска повреда по чл. 54-г став 1 алинеја 10 од ЗИ " неоправдано го одложува извршувањето" на начин што вршејќи ја должноста извршител по предметот И.бр. 1395/08 подолг временски период не превземал извршни

дејствија и тоа од 05.11.2008 година кога го издал Налогот за извршување по чл.86 ст. 1 од ЗИ па се до ден 15.05.2010 година кога донел Заклучок за известување на странката за попис, односно од ден 15.05.2010 година до ден на надзор 05.05.2015 година не превземал извршни дејствија со цел да го намири побарувањето на доверителот со што постапил спротивно на чл.27 ст. 2 од Законот за извршување. Имено, извршителот по донесувањето на налогот по чл. 86 од ЗИ како и по добивање на дозволата од претседателот на судот од 27.04.2010 година за влез во станот на должникот не преземал никакви десјвија за намирување на побарувањето ниту пак со оглед дека имал проблеми со идентификацијата на должникот не преземал соодветни дејсвија за да го утврди идентитетот на должникот.

Комисијата ја ценеше одбраната на извршителот а особено околноста дека истиот не го продолжил извршувањето по укажувањата од доверителот од причина што, со името и презимето на должникот С. Д. од село К., во селото К. имало две лица со исто име и презиме, како и дека не постоел начин на лице место да се утврди кој бил должник бидејќи во селото К.немало ни имиња на улици и броеви, а извршителот не располагал со податок за матичен број од должникот ниту било каков друг податок со цел негова идентификација бидејќи и во извршната исправа не бил наведен матичниот број на должникот а од друга страна доверителот не доставил никакви дополнителни податоци за должникот, но истото не влијаеше за поинакво одлучување од страна на Дисциплинската Комисија. Имено ДК смета дека со оглед на сознанијата од месното население како што наведува извршителот дека со исто име и презиме постоеле две лица во селото К., извршителот бил должен да се обрати со барање за податоци на должникот од надлежниот орган во МВР. На овој начин извршителот по добивање на информации од МВР дека постојат две лица извршителот ќе можел да продолжи со утврдување на идентитетот на должникот од извршната исправа кое нешто извршителот не го сторил со што извршителот го одолговлекувал извршувањето. Извршителот согласно член 40 став 1 алинеја 1 од ЗИ има право да врши легитимирање на странките , уште повеќе што извршителот во тек на извршување побарала дозвола и ја добила од Претседателот на Основен суд Р. за влез во станот на должникот .

Дисциплинската комисија смета дека извршителот ја сторил повредата која му се става на товар со тоа што изврштелот подолг временски период односно од 05.11.2008 година кога го издал налогот за извршување врз основа на чл.86 ст. 1 од ЗИ , па се до 15.05.2010 година кога донел Заклучок за известување на странка за попис врз основа на чл.86 ставови 4,5 и 6 од ЗИ како и од 15.05.2010 година до денот кога бил извршен надзорот 05.02.2015 година не превземал никакво извршно дејствие за да го наплати побарувањето од страна на должникот во име на доверителот со што постапил спротивно на чл.27 ст. 2 од Законот за извршување и сторил дисциплинска повреда по чл. 54-г став 1 алинеја 10 од ЗИ “ неоправдано го одложува извршувањето”.

Дисциплинската комисија при определување на видот и висината на дисциплинската санкција ги ценеше сите олеснителни и отежнителни околности, а пред се олеснителната околност дека извршителот спроведувал извршување врз основа на извршна исправа во која што отсуствуваат податоци за идентителот на должникот како и дека се работи за пресуда од 1999 година, а како особено олеснителна околноста што доверителот немал авансирано трошоци за продолжување на извршувањето иако го задолжил со профактура од 05.05.2011 година а како отежнителна околност тежината на повредата како и фактот што извршителот не превзел никакви дејсвија преку соодветни надлежни органи да утврди дали навистина постојат две лица со исто име и презиме на иста адреса, па во склоп на истите ја одмери дисциплинската мерка. Дисциплинската комисија смета дека со ваквата дисциплинска мерка ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Дисциплинската Комисија при КИРМ на ден 01.04.2015 година согласно чл. 59-в став 1 од Законот за извршување (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06, 129/06, 8/08, 83/09 50/10, 83/10, 88/10 и 171/10) одлучи како во изреката на ова решение.

Согласно чл. 54-б став 2 од ЗИ в.в со чл. 61 ст.2 од Законот за извршување се задолжува извршителот Н. И. од Б. да плати на име парична казна износ во висина од _______ евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на РМ на ден на изрекување, на сметка на Комората на извршители бр._______________ во Стопанска банка АД Скопје, во рок од 15-дена од прием на одлуката, а под страв на присилно извршување.

Дисциплинска комисија,
Претседател
Снежана Фитеска

Правна поука : против оваа одлука извршителот има право на правна заштита со поведување на управен спор пред Управен суд на РМ во рок од 30 дена по приемот

Д.н.: Министерство за правда
Претседател на КИРМ
Извршител Н. И. Б.
Архива